РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE

УП1 Број: / Numer: 03-243

15.09.2026 година / viti

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), а во врска со член 50 став 3 од истиот Закон и членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица (Пречистен текст) арх.бр.01-4898/1 од 22.11.2024 година, точка 6 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4241/1 од 1.10.2025 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3152/1 од 19.8.2026 година и Заклучокот арх.бр.02-3374/3 од 15.9.2026 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 31 седница одржана на 15.9.2026 година, го донесе следното

# Решение
## за преземање мерка – јавна опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Јавното радиодифузно претпријатие (ЈРП) МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), заради извршена повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица (ПЗМЛ), на начин што на телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, играниот филм „Разузданиот дедо (Dirty grandpa)", емитуван на 14 август 2026 година, беше погрешно категоризиран, означен како програма од трета категорија (12+) и емитуван во несоодветен временски период од деноноќието.

Повредата од став 1 од оваа точка, спецификувана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3152/1 од 19.8.2026 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Јавното радиодифузно претпријатие (ЈРП) МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1) во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ и ПЗМЛ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

## Образложение

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗАВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата против издавач на медиум (радиодифузер) презема мерка - јавна опомена во случаите кога е извршена повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот Закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 50 став 1 од ЗАВМУ, радиодифузерите не смеат да емитуваат или да пренесуваат програми кои можат сериозно да му наштетат на физичкиот, психичкиот или на моралниот развој на малолетните лица, особено програми кои содржат порнографија или прекумерно насилство. Давателите на услуги, по барање, мора да преземат најстроги технички мерки за да обезбедат дека

малолетните лица се заштитени од најштетните содржини како што се прекумерното насилство и порнографијата. Освен програмите од ставот (1) на овој член, други програми кои би можеле да му наштетат на физичкиот, психичкиот и на моралниот развој на малолетните лица се обезбедуваат од давателите на аудиовизуелни медиумски услуги така што малолетните лица да не можат на вообичаениот начин да ги видат или да ги слушнат програмите. Кога програмите се емитуваат или репризираат во некодирана форма, давателот на аудиовизуелни медиумски услуги е должен пред нивното емитување да обезбеди претходно акустично предупредување и можност да бидат препознаени со помош на визуелни знаци во целиот тек на емитувањето на програмите (член 50 став 3 од ЗАВМУ).

Во член 16 од ПЗМЛ (временски периоди за категориите програми) пропишано е дека во зависност од очекуваниот состав на публиката, категориите програми можат да се емитуваат во следните временски периоди: првата и втората категорија програми се емитуваат во текот на целото денонoќие; третата категорија се емитува во периодот од 20:00 до 05:00 часот; четвртата категорија се емитува во периодот од 22:00 до 05:00 часот; петтата категорија се емитува во периодот од 00:00 до 05:00 часот.

Член 17 од ПЗМЛ (описи на категориите програми), во став 1, точките 3 и 4 пропишува дека категориите аудиовизуелни програми утврдени во член 15 од овој Правилник се определуваат според следниве описи: (3) Трета категорија - програми што не се препорачуваат за деца под 12 години, за чие следење е неопходен надзор од родител или старател. Програми чие сценарио вклучува систематски и зачестени описи, сцени и/или глетки на психо-физичко насилство, кои можат да ги растревожат малолетните лица. Обработката сериозни теми е прифатлива, но треба да биде соодветна за пропишаната возраст на публиката. Дозволена е употреба непристоен говор, вулгарности и бруталности, меѓутоа мора да биде сведена на разумна мерка и да биде оправдана со нужната функција во драмскиот или во информативно-документарниот контекст на програмата. Описите, сцените и/или глетките со насилство и со еротика, и евентуалната заемна врска меѓу овие два фактора во развојот на наративот, не треба да ги нагласуваат физичките повреди и/или психо-физичките последици од повреди, ниту пак да се фокусираат на непристојни физички детали. Не треба да им се придава претерана важност на оружје и на техники за меѓучовечка пресметка лесни за имитација, со опасен потенцијал сугестивно да делуваат врз психолошки помалку стабилните и врз емоционално ранливите делови од публиката. Прикажувањето наркоманија е дозволено меѓутоа без детална разработка на фазите од чинот на карактеризација на ликовите, и комплементарно во целината на различните видови играна, образовна, информативна и/или документарна програма. Најавите за ваквите програми не смеат да бидат составени од описи, сцени и/или глетки што можат да ги вознемират малолетните лица и (4) Четврта категорија - програми што не се препорачуваат за деца под 16 години, за чие следење е неопходен надзор од родител или старател. Програми чие сценарио вклучува систематски и зачестени описи, сцени и/или глетки на психо-физичко насилство, кои можат да ги растревожат малолетните лица. Нема ограничувања на темите. Дозволена е честа употреба непристоен говор, меѓутоа тешко е прифатлива претерана употреба екстремно вулгарни изрази. Прикажувањето еротика и сексуални односи е дозволено, меѓутоа без експлицитни, порнографски детали. Неопходен е внимателно осмислен контекст за вербални и гестуални изрази кои имаат силна сексуална алузија и можат да го навредат човековото достоинство. Прикажувањето наркоманија е дозволено само без детална разработка на фазите од чинот на (зло)употреба на дрога, врамнотежено со укажувањето на последиците, и во функција на карактеризација на ликовите, комплементарно во целината на различните видови играна, образовна, информативна и/или документарна програма. Прифатливи се описи, сцени и/или глетки на насилство и последици на насилство, меѓутоа не и прикази на садизам, или каков било друг израз на нечовечност и на изживување врз луѓе и врз животни. Најавите за ваквите програми не смеат да бидат составени од описи, сцени и/или глетки што можат да ги вознемират малолетните лица.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 19 август 2026 г., изврши вонреден програмски надзор (мониторинг) по претставка (иницијатива на физичко лице) врз телевизискиот програмски сервис на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), емитуван на 14 август 2026 г., на државно ниво, при што констатираше прекршување на членот 50 став 3 од ЗАВМУ и на членовите 16 и 17 од ПЗМЛ, на начин што спротивно на членовите 16 и 17, а според критериумите за категоризација на програмите утврдени во ПЗМЛ, филмот „Разузданиот дедо (Dirty grandpa)“ беше погрешно означен како програма од Трета категорија, која не се препорачува за деца под 12 години, и беше емитуван во несоодветен програмски термин (по 20 часот). Според овие основи, филмот требало да биде означен како програма од – „Четврта категорија“ – што не се препорачува за деца под 16 години, за чие следење е неопходен надзор од родител или старател, односно требало да се емитува во периодот од 22:00 до 05:00 часот. Имено, аудиовизуелната целина на играниот филм „Разузданиот дедо (Dirty grandpa)“, кој и според оригиналната продукција жанровски е одреден како „еротска комедија за возрасни“, доминантно е составена од сцени и/или глетки на еротизирана голотија и на симулиран секс (мастурбација/коитус/ласцивни гестикулации), како и од прикази на консумирање дрога и алкохол, со

дијалози/реплики што содржат експлицитно вулгарни изрази, неретко навредливи и по расна и по родова основа.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3152/1 од 19.8.2026 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), на 24.8.2026 г., испрати Допис наш арх.бр.10-3152/2 од 24.8.2026 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-3152/1 од 19.8.2026 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ и од ПЗМЛ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 24.8.2026 година. ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1) до Агенцијата достави Писмено изјаснување бр.03-4887/1 од 1.9.2026 г. (наш арх.бр.10-3152/3 од 2.9.2026 г.). Советот на Агенцијата на седницата одржана на 15.9.2026 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и доставеното писмено изјаснување од радиодифузерот и заклучи на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1) да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 50 став 3 од истиот Закон и членовите 16 и 17 од ПЗМЛ, точка 6 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст), Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3152/1 од 19.8.2026 г. и Заклучокот арх.бр.02-3374/3 од 15.9.2026 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ и ПЗМЛ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на 31 седница одржана на 15.9.2026 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), и му се наложува, во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ и ПЗМЛ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-3152/1 од 19.8.2026 г.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**претседател на Совет,**

**м-р Сашо Стефановски**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1);
- Директорот на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1);
- Одговорно лице на програмата во ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1);
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 19.08.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 3152/1 | | |


**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Вонреден, по претставка (иницијатива на физичко лице);
2. **Субјект на надзорот:** Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1);
3. **Период опфатен со надзорот:** 14 август 2026 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 19 август 2026 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица – пречистен текст** (Бр. 01-4898/1 од 22.11.2024);

6. **Претходно изречена мерка: /**
7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот програмски надзор врз програмскиот сервис на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1), емитуван на 14 август 2026 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.**

**14 август 2026 г.**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** |
| „Разузданиот дедо (Dirty grandpa)" – долгометражен, игран филм | 20:11:00 | 21:50:34 |

Спротивно на членовите 16 (*временски периоди за категориите програми*) и 17 (*описи на категориите програми*), а според критериумите за категоризација на програмите утврдени во Правилникот, филмот - „Разузданиот дедо (Dirty

grandpa)“ беше погрешно означен како програма од Трета категорија, која не се препорачува за деца под 12 години, и беше емитуван во несоодветен програмски термин (по 20 часот). Според овие основи, филмот требало да биде означен како програма од – „Четврта категорија“ – што не се препорачува за деца под 16 години, за чие следење е неопходен надзор од родител или старател, односно требало да се емитува во периодот од 22 до 05 часот.

Аудиовизуелната целина на играниот филм - „Разузданиот дедо (Dirty grandpa)“, кој и според оригиналната продукција жанровски е одреден како – „*еротска комедија за возрасни*“, доминантно е составена од сцени и/или глетки на еротизирана голотија и на симулиран секс (мастурбација / коитус / ласцивни гестикулации), како и од прикази на конзумирање дрога и алкохол, со дијалози / реплики што содржат експлицитно вулгарни изрази, неретко навредливи и по расна и по родова основа.

Во Правилникот (чл.17), описот на четвртата категорија програми е следниов:

- *Програми чие сценарио вклучува систематски и зачестени описи, сцени и/или глетки на психо-физичко насилство, кои можат да ги растревожат малолетните лица. Нема ограничувања на темите. Дозволена е честа употреба непристоен говор, меѓутоа тешко е прифатлива претерана употреба екстремно вулгарни изрази. Прикажувањето еротика и сексуални односи е дозволено, меѓутоа без експлицитни, порнографски детали. Неопходен е внимателно осмислен контекст за вербални и гестуални изрази, кои имаат силна сексуална алузија и можат да го навредат човековото достоинство. Прикажувањето наркоманија е дозволено само без детална разработка на фазите од чинот на (зло)употреба на дрога, врамнотежено со укажувањето на последиците и во функција на карактеризација на ликовите, комплементарно во целината на различните видови играна, образовна, информативна и/или документарна програма. Прифатливи се описи, сцени и/или глетки на насилство и последици од насилство, меѓутоа не и прикази на садизам или каков било друг израз на нечовечност и на изживување врз луѓе и врз животни.*

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица,** на телевизискиот програмски сервис ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1), играниот филм „Разузданиот дедо (Dirty grandpa)“, емитуван на 14 август 2026 година, беше погрешно категоризиран, означен како програма од трета категорија (12+) и емитуван во несоодветен временски период од денонoќието.

**9. Предлог-мерка:**

– Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1), и согласно со точката 6 од Упатството за определување на

рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-4241/1 од 01.10.2025 година, да му наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***